ГРАД СКОПЈЕ - QYTETI I SHKUPIT
Бр. Nr. 08-13120/1
02. 12. 2025 20
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 62, а во врска со член 7 и член 38 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.265/24 и 132/25), Град Скопје објавува

# ЈАВЕН ПОВИК
**за прибирање барања за користење средства од Буџетот на Град Скопје за 2026 година, наменети за финансирање и поддршка на програми и проекти на јавните установи од областа на културата основани од Град Скопје за 2026 година**

## I

Град Скопје ќе учествува во финансирање и поддршка на програми и проекти на јавните установи од областа на културата основани од Град Скопје во следните области:

1.1. Изведбени уметности
1.2. Музички уметности
1.3. Визуелни уметности и уметност на новите медиуми
1.4. Издавачка и библиотечна дејност
1.5. Музејска дејност, промоција на културното наследство
1.6. Меѓународна соработка

## II

Јавните установи од областа на културата основани од Град Скопје за учество на јавниот повик треба да ги исполнат следниве цели:

- чување и афирмирање на материјалното, духовното и културното наследство на градот Скопје;
- поттикнување и афирмирање на етничката разновидност и разноличност во културата;
- иновативност, впечатливост и оригиналност на идејата;
- континуитет на традиционалните културно-уметнички манифестации што се од интерес за град Скопје;
- промоција на културното наследство на градот Скопје;
- презентирање и афирмирање на современото творештво, урбаната култура и јавната уметност;
- грижа за јавната инфраструктура во рамките на културата и стимулирање на новите медиуми и истражувања во културата;
- стимулирање и поддршка на разни партнерски меѓународни проекти;
- поддршка и развивање на традиционалната културна продукција;

- воспоставување на соработка во рамките на предложениот проект со една или повеќе културни институци и и организации;
- организирање меѓународни фестивали што се одржуваат во Скопје;
- одбележување јубилејни настани и значајни датуми во културата;
- издавање на книги и електронски изданија, публикации, монографии, зборници што обработуваат теми од животот и историјата на Скопје;
- проекти чија цел е развивање и промовирање на областите на културните и креативните индустрии;
- реализација на документарни филмови што се однесуваат на историјата и на современиот живот на градот Скопје;
- поттикнување на научната и критичката мисла преку организирање на семинари, конференции, дебати кои обработуваат теми од животот и историјата на Скопје.
- соработка и учество на меѓународни манифестации, фестивали и во проекти врз основа на реципроцитет,
- програми и проекти од областа на културата што ќе се одвиваат на подрачјето на градот Скопје, а кои што имаат обезбедено финансиска поддршка (грант) од фондовите на Европската Комисија, УНЕСКО или други меѓународни фондови;
- соработка и проекти со организации, установи и поединци од збратимените градови со Град Скопје
- програми и проекти од областа на културата што се поврзани со Скопје Европска престолнина на културата 2028

**III**

**Посебни цели за областите наведени во јавниот повик:**

1) **Посебни цели од областа на музејската дејност и промоција на културното наследство:**
   - презентација, популаризација и промоција на културното и историско наследство во градот Скопје;
   - користење на културното наследство како ресурс за развој на туризмот;
   - организирање на кампањи, работилници и предавања за промоција и значењето на културното наследство на територијата на град Скопје.

2) **Посебни цели од областа на издавачката и библиотечната дејност:**
   - издавање на книги и електронски изданија, публикации, монографии, зборници што обработуваат теми од современиот живот и историјата на Скопје;
   - поддршка на книжевно творештво со високи вредности од автори кои творат на македонски јазик и на јазиците на заедниците во градот Скопје;
   - дела со исклучителна културна вредност, монографии, стручни публикации, како и дела што се резултат на истражувачи проекти за градот Скопје;
   - издаваштво наменето за деца и млади.
   - за дела на автори со прво издание задолжителни се две (2) рецензии и
   - за дела на автори со повеќе издадени книжевни дела, задолжителна е една (1) рецензија

3) **Посебни цели од областа на визуелните уметности и уметноста на новите медиуми:**
- ретроспективно-монографски изложби од особено значење за градот Скопје што одразуваат континуитет во уметничкото дејствување во Скопје потврдени од ликовната критика и историјата на уметноста;
- самостојни, групни и други проекти од земјава и од странство што ги промовираат современите уметнички форми и изрази и придонесуваат за развој на современиот ликовен јазик во градот Скопје;
- промоција и развој на современата урбана уметност со акцент на користење на јавните градски површини како и други алтернативни простори за презентација на уметничките дела во градот Скопје;
- подршка на филмски фестивали;
- изложбени проекти од областа на креативните индустрии; и
- изложби и проекти на млади уметници областа на визуелните уметности и уметноста на новите медиуми (до 35 години).

4) **Посебни цели од областа на изведбени уметности:**
- негување и презентација на националното драмско и музичко-сценско творештво од различни уметнички стилови и жанрови со застапеност на традиционални и современи автори;
- презентација на врвни уметнички дела од светската драматургија во Скопје како и дела од областа на музичко-сценските уметности,
- работилници со млади како и со лица со посебни потреби од областа на драмските и музичко-сценските уметности;
- поддршка на театарски фестивали;
- презентирање на македонскиот фолклор и фолклорот на припадниците на заедниците кои живеат во градот Скопје; и
- презентирање на македонскиот фолклор и фолклорот на припадниците на заедниците кои живеат во градот Скопје на фестивали и манифестации што се оддржуваат во градови од други држави со кои град Скопје има воспоставено соработка, а за што мора да биде доставена и покана од организаторот на манифестацијата.

5) **Посебни цели од областа на музичките уметности:**
- промоција и изведба на музички дела и творештво со стилска и жанровска разновидност;
- поттикнување и изведба на нови музички форми и изрази;
- поддршка на музички фестивали,
- стимулирање на македонското музичко творештво и музичкото творештво на заедниците кои живеат во град Скопје со висока уметничка вредност; и
- поддршка на концерти на млади музичари - изведувачи и композитори.

6) **Посебни цели од областа на меѓународната соработка:**
- соработка и учество на меѓународни манифестации, фестивали и проекти врз основа на реципроцитет за што треба да се достави покана од организаторот;
- програми и проекти од областа на културата што ќе се одвиваат на подрачјето на градот Скопје, а кои што имаат обезбедено финансиска

поддршка (грант) од фондовите на Европската Комисија, УНЕСКО и/или други меѓународни фондови; и

- соработка и реализирање на заеднички проекти со организации, установи и поединци како и активности поврзани со Скопје Европска престолнина на културата 2028 од:
  а) збратимените градови со Град Скопје
  б) градови со што е воспоставен протокол или програма за соработка и
  в) градови што соработуваат со Град Скопје врз основа на воспоставен контакт (https://skopje.gov.mk/) – линк на официјалниот портал на Град Скопје.

IV

**Изборот на програмите и проектите ќе се врши врз основа на критериуми изразени во бодови и тоа:**

| Критериуми | бодови |
|---|---|
| **1. Квалитет на програмата/проектот:** | **50** |
| 1.1 Детално разработени програмски активности од програмата/проектот и уредно пополнета пријава согласно правилата на Јавниот повик. | 20 |
| 1.2 Придонес на програмата/проектот во остварување на општите и посебните цели за развојот на културата на ниво на Град Скопје | 10 |
| 1.3 Понудени квалитетни и иновативни решенија за реализирање на проектните цели кои содржат иновативност, впечатливост и оригиналност на идејата. | 10 |
| 1.4 Видливост на организацијата – (online) | 10 |
| **2. Буџет на проектот :** | **50** |
| 2.1 Детално разработен финансиски план за потребните средства за реализација на програмата/проектот | 30 |
| 2.2 Обезбедени дополнителни средства од сопствени или други извори. | 20 |
| **Вкупно бодови:** | **100** |

V

Средствата наменти за финасирање на програмите и проектите на јавните установи, ќе се предвидат со Буџетот на Град Скопје за 2026 година.

Исплатата на средствата ќе се врши врз основа на одобрен финансиски план од страна на Секторот за финансиски прашања на Град Скопје.

Град Скопје ќе склучи договор со секоја установа заради поблиску регулирање на правата и обврските.

VI

Пријавувањето на Јавниот повик се врши со доставување на пополнета пријава (апликација) во архивата на Град Скопје (барака 16).

Пријавите (апликациите) може да се подигнат од официјалната веб страница на Град Скопје https://skopje.gov.mk/mk/apliciraj/javni-povici/.

VII

Јавниот повик трае 5 календарски дена од денот на објавување на официјалната веб страница на Град Скопје www.skopje.gov.mk.

Пријавите, во пишана форма и електронска форма во WORD формат, треба да се доставaт до Град Скопје, преку пошта на адреса: Бул. „Илинден“ бр.82, 1000 Скопје, или во Архивата на Градот Скопје со назнака:

**„Јавен повик за прибирање барања за користење средства од Буџетот на Град Скопје за 2026 година, наменети за финансирање и поддршка на програми и проекти на јавните установи од областа на културата основани од Град Скопје за 2026 година“.**

**Градот ќе склучи договори со установите чии пријави (апликации) ќе бидат прифатени, во зависност од расположливите средства во Буџетот на Град Скопје за 2026 година и потребата на градот за реализација на истите, а согласно Програмата за финансирање на јавните установи и активностите од областа на културата од интерес на Град Скопје за 2026 година ќе бидат дефинирани програмите и проектите на јавните установи за кои се одобрени финансиски средства од Буџетот на Град Скопје за 2026 година.**

Дополнителни информации може да се добијат на следните телефони: 02/ 3297-221 и на следната мејл адреса kultura@skopje.gov.mk.

**Град Скопје**
**Градоначалник на Град Скопје**
**Орце Ѓорѓиевски**